РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 16-06-2025 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 1758/1 | | |

До: Државната комисија за спречување на корупцијата
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

Податоци **за 2024 година** (состојба на 31.12.2024) за:

1. вкупен број на **директори на јавните служби под надлежност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), разделени по пол и по општина** (посебно за сите 81 единица на локална самоуправа).

2. вкупен број на **членовите на управните одбори на јавните служби под надлежност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), разделени по пол и по општина** (посебно за сите 81 единица на локална самоуправа).

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емаил
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум: 13.06.2024 година
Потпис
[redacted]

**Burim Abazi**

---

**From:** Државна комисија за спречување на корупцијата <contact@dksk.org.mk>
**Sent:** Friday, June 13, 2025 3:52 PM
**To:** Burim Abazi
**Cc:** Biljana Karakashova Shulev
**Subject:** FW: Барање за информации од јавен карактер
**Attachments:** 5. ДКСК.pdf

**From:** [redacted]
**Sent:** Friday, June 13, 2025 1:57 PM
**To:** contact@dksk.org.mk
**Subject:** Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/2019), Ви се обраќам со барање за пристап до информации од јавен карактер.

Во прилог на овој емаил ќе го најдете официјалното писмено барање, во кое детално се наведени информациите кои се бараат.

Ве молам, барањето да го разгледате согласно законските рокови и да ми ги доставите информациите на овој емаил или на друг начин кој го сметате за соодветен.

Доколку имате дополнителни прашања или потреба од појаснување, слободно контактирајте ме.

Со почит,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 03-1758/2
18-06-2025 г./v.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1758/1 од 16.06.2025 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 1758/1 од 16.06.2025 година, поднесено преку барателот на информацијата [redacted], доставено до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

ДКСК не располага со информациите побарани за:
1. ***„вкупен број на директори на јавните служби по надлежност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), разделени по пол и по општина (посебно за сите 81 единица на локална самоуправа).***
***2. вкупен број на членовите на управните одбори на јавните служби по надлежност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), разделени по пол и по општина (посебно за сите 81 единица на локална самоуправа)“***, од причина што ДКСК не води податоци разделени по пол и по општина на избраните и именуваните лица и поради тоа не може да дозволи пристап до тие информации.

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

## *Образложение*

Барателот на информацијата [redacted], во електронска форма (преку е-маил) до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-1758/1 од 16.06.2025 година, со кое побара:
*1. „вкупен број на директори на јавните служби по надлежност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), разделени по пол и по општина (посебно за сите 81 единица на локална самоуправа).*

*2. вкупен број на членовите на управните одбори на јавните служби по надлежност на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), разделени по пол и по општина (посебно за сите 81 единица на локална самоуправа)".*

По разгледување на барањето ДКСК утврди дека не располага со информаций/податоци кои се однесуваат на број на избрани и именувани лица како што е наведено во барањето од причина што ДКСК не води податоци разделени по пол и по општина на избраните и именуваните лица и поради тоа не може да дозволи пристап до тие информации.

Согласно член 17 став 1 точка 20 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК води регистар на избрани и именувани лица. Регистарот се ажурира со податоците што овластени лица од институциите кои имаат надлежност да вршат избори и именувања ги доставуваат до ДКСК во рок од 15 дена од нивниот избор, именување, односно престанок на функцијата. Внесените податоци за актуелни и поранешни избрани и именувани лица не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број на институции кои вршат именување и разрешување не ја исполнуваат обврската за известување кон ДКСК. Од таа причина, ДКСК не располага со целосни и комплетни податоци вкупниот број на избрани и именувани лица, дали истите се уште активно ја извршуваат функцијата или им престанал мандатот.

Лицата кои согласно член 82 и 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси имаат обврска да доставуваат изјава за имотна состојба и интереси и промена на имотната состојба и интересите до ДКСК, при пополнување на Изјавата за имотна состојба и интереси во пропишаниот образец не пополнуваат податоци по однос на тоа на кој пол припаѓаат, бидејќи не постои графа за полот на лицето, поради наведените причини ДКСК не води такви податоци на избраните и именуваните лица.

Дополнително, согласно член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК ја разгледа можноста да го препрати барањето според содржината кај имател на информацијата, но со оглед на тоа дека според содржината на барањето иматели се повеќе институции, ДКСК оцени дека тоа би било нецелисходно.

Дополнително, се упатува барателот дека податоците за избрани и именувани лица согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се јавно достапни и може да се побараат преку официјалната веб-страница на ДКСК на следниот линк: https://registar.dksk.mk/appointed-person?page=0&rowsPerPage=5

Поради сето горенаведено, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** Бурим Абази, службено лице,
**Согласен:** Адем Чучуљ, Генерален секретар

**Да се достави до:**
- подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk